ТТК БАНКА

ТТК БАНКА АД Скопје Бр. 2
Бр. 02-2947/9
07-04-2023

Врз основа на член 40 став 1 алинеја 1 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на ден 7.04.2023 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за измени и дополнувања на Статутот на ТТК Банка АД Скопје**

**Член 1**

Во Статутот на ТТК Банка АД Скопје /пречистен текст/ бр. 02-7873/2 од 06.10.2022 година, се вршат следните измени и дополнувања:

1. Во член 12 по ставот 1 се додаваат нови ставови 2, 3 и 4 и истите гласат:

"Собранието може да ја зголеми основната главнина со одлука за зголемување на основната главнина со преобразба на добивката, резервите и нераспределените (задржани) добивки коишто не биле распределени за дивиденда или за коишто не била определена друга намена.

Одлуката за зголемување на основната главнина со средствата на друштвото мора да е заснована на последната годишна сметка ревидирана од овластен ревизор за која ревизорот изразил мислење без резерва или мислење со резерва кое не ја доведува во прашање објективноста на годишната сметка, како и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, одобрени од собранието.

Акционерите имаат право на новоиздадените акции, сразмерно на учеството на нивните акции во дотогашната основна главнина."

2. По член 25-а се додава нов член 25-б кој гласи:

„ Секој акционер може за дел од дивидендата што е ставена на распределба или од авансот од дивидендата, да ја добие дивидендата односно авансот од дивидендата во пари или во акции.

Начините на плаќање на дивидендата ги утврдуваат акционерите на собрание".

**Член 2**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да врши измени и/или дополнувања на оваа одлука на барање на Народната банка на Република Северна Македонија.

**Член 3**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да подготви пречистен текст на Статутот на Банката.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила по усвојувањето од страна на Собранието на Банката и по издавањето на претходна согласност од Гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија.

**Собрание на акционери на**
**ТТК Банка АД Скопје**

**Претседавач**
**Томе Волкановски**